**ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ**
**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРОДОЛЖЕНА ГАРАНЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДИ**

## Поим
## Член 1

(1) Општите услови за осигурување имоти и овие Дополнителни услови за осигурување продолжена гаранција за производи (во натамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за осигурување на продолжена гаранција што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје (во натамошен текст: осигурувач).

(2) Врз основа на потпишаната полиса за осигурување на продолжена гаранција за производи и платена премија по полисата, осигурувачот ќе ги надомести на осигуреникот трошоците за поправка на осигурениот производ до која дошло поради остварување на осигурениот случај, или ќе ја исплати сумата на осигурување.

## Значење на одделни изрази
## Член 2

Одделни изрази употребени во овие Дополнителни услови го имаат следното значење:

**Осигурувач -** Акционерско друштво за осигурување Еуролинк Скопје;

**Договарач на осигурување –** правно или физичко лице кое склучува договор за осигурување на продолжена гаранција на производи со осигурувачот;

**Осигуреник –**лице чиј што апарат е осигурен и кому му припаѓаат правата од договорот за осигурување, именуван во полисата или во потврдата за осигурување;

**Осигурен случај –** недостаток, неисправно функционирање на производот, кое настанало поради причини опфатени со гаранцијата на производителот, што предизвикало трошоци за поправка на истиот;

**Сума на осигурување**- највисокиот износ на обврската на осигурувачот;

**Полиса-** документ за склучениот договор за осигурување;

**Потврда за осигурување –** е документ за склучено осигурување на продолжена гаранција за одделен производ издаден од договарачот на осигурувањето, кој го содржи бројот на генералната полиса, името на осигуреникот и сите податоците од полисата битни за осигурувањето;

**Гарантен рок-** рок на гаранцијата на производителот за исправно функционирање на производот, кој не може да биде пократок од една година, сметано од денот на продажба на производот;

**Продолжен гарантен рок-** период по истек на гарантниот рок со траење од 12, 24 или 36 месеци;

**Овластен сервис** – правни или физики лица наведени во гаранцијата на производителот или назначени од продавачот како овластени за одржување и поправка на производот;

**Франшиза -** учество во штета од страна на осигуреникот во износ наведен во полисата, кој се одбива од секоја штета што произлегува од еден штетен настан;

**Тотална штета -** штета на производот чијашто поправка технички и објективно не е можна, или поправката е економски неоправдана бидејќи изнесува повеќе од неговата вредност.

## Предмет на осигурување
## Член 3

(1) Предмет на осигурување може да биде исклучиво нов производ купен кај овластен продавач во Република Македонија.

(2) Производи што можат да се осигуруваат по овие услови се апарати за домаќинствата од групата на бела техника, апарати за греење и ладење, телевизори и други аудио и видео апарати, фото апарати и камери, телефони, мобилни телефони, компјутери и други електронски и комуникациски апарати, за кои произворителот издал

гаранција за исправно функционирање и кои по своите својства се погодни за осигурување на продолжена гаранција.

(3) Потрошните делови и материјали во производите како што се филтри, каиши, гумени или синтетички облоги, четкичи, заптивки, топлински изолатори, батерии, сијалици и слично не се предмет на осигурувањето.

(4) Производи кои не можат да бидат предмет на осигурување се:

1.Мали кујнски апарати

2. Производи наменски купени за натамошна продажба или се користат како средство за работа и стекнување на приход;

3. Производи на кои е вршено прилагодување или поправка по испорака од производителот;

4. Производи испорачани со недостаток, користени производи;

5. Дополнително вградени делови кои не се декларирани од страна на производителот, и кога нивната вредност е вклучена во цената на производот.

**Место на осигурување**
**Член 4**

(1) Местото на осигурувањето е објектот каде што се наоѓаат осигурените предмети, кое се наведени во полисата, односно во потврдата со улица и број, може да се наведе повеќе од една адреса.

(2) За осигурените предмети што според своите својства вообичаено се користат надвор од домот, во полисата како место на осигурување се наведува Република Македонија.

**Осигурени опасности (ризици)**
**Член 5**

(1) Со осигурувањето се обезбедува покритие за исправно функционирање на производот –продолжена гаранција, по истек на гаранцијата на производителот.

(2) Со осигурувањето за продолжена гаранција опфатен е надомест на трошоците за поправка на производот поради нефукционирање што настанало по истек на гарантниот рок, во тек на продолжената гаранција, при што се надоместуваат само оние трошоци кои би биле опфатени и со гаранцијата на производителот, но најмногу до вредноста на осигурениот предмет.

(3) Не се смета дека настанал осигурен ризик, доколку недостатокот, нефункционирањето на осигурениот предмет е во врска со:

1. недостатоци на додатната опрема на производот, како надворешни дренажни цевки, кабли за напојување, поврзување на кабли, антени, слушалки, периферна опрема (тастатура, глушец, џојстик и слични), како и недостатоци на мрежна и комуникациска опрема (модем, склопки итн);

2. функционирање на софтер, оперативни програми, бази на податоци, влијание на вируси, меморија на процесорски единици или слично.

**Склучување на договорот за осигурувањето**
**Член 6**

(1) Осигурувањето за одделен производ, вклучен во генерална полиса за осигурување на продолжена гаранција за повеќе производи наменети за продажба кај договарач на осигурување –трговец, се смета за склучено на денот на продажбата на производот и издавање на потврда за осигурување.

(2) Договор за осигурување за одделен производ може да склучи и купувачот на истиот во рок од 7 дена од купување на производот.

**Почеток и траење на осигурувањето**
**Член 7**

(1) Осигурувањето започнува во 00,00 часот во првиот ден по денот на истек на гаранцијата на производителот и завршува во 24,00 часот на денот на истек на рокот за кој е склучена продолжената гаранција.

(2) Без оглед на договореното траење на осигурувањето од првиот став на овој член, осигурувањето за одделен производ престанува:

1. на денот на прекин на гаранцијата од производителот;

2. на денот на уништување на предметот на осигурување од настани кои не се опфатени со осигурувањето;
3. на денот на утврдување на тотална штета на осигурениот предмет;
4. со отуѓување на предметот на осигурување од страна на првиот купувачот.

**Премија и враќање на премија**
**Член 8**

(1) Премијата по полисата за еден производ-предмет на осигурување, е премија за цело времетраење на продолжениот гарантен рок.

(2) Во случај на престанок на осигурувањето поради прекин на гаранцијата од производителот или целосно уништување на предметот на осигурување од настани кои не се опфатени со осигурувањето, осигурувачот ќе ја врати премијата од првиот став на овој член на договарачот на осигурување, и тоа:

- целата премија, намалена за износот на трошоците, доколку договорот за осигурување престанал пред почетокот на продолжениот гарантен рок,
- дел од премијата намалена за износот на трошоците, соодветен на преостанатото времетраење на продолжениот гарантен рок, доколку договорот за осигурување престанал по започнување на продолжениот гарантен рок, под услов за време на траење на осигурувањето да не бил исплатен надомест или истиот не е резервиран

(3) Трошоците за осигурување се еднакви на 30% од премијата од првиот став на овој член.

**Штети исклучени од осигурувањето**
**Член 9**

(1) Со осигурувањето не е опфатена штета поради лишување од употребата на предметот за време на поправката, сите индиректни штети што можат да се доведат во врска со осигурениот случај, како нематеријални загуби, загуба на заработка, казните, штети на друг имот, како и штети за кои одговара продавачот.

(2) Со осигурувањето не се опфатени штети, односно недостаток во функционирање на производот што не се предмет на гаранцијата на производителот, односно штети што настанале како последица на:

1. несоодветна инсталација, нестручно ракување или несоодветно одржување;
2. надворешни влијанија, како влага, вода, топлина, вибрации, елекромагнетни импулси, прашина и други услови на надворешната средина;
3. механичко, хемиско или какво било друго надворешно оштетување, корозија, оксидација, затнување или постепено пропаѓање на производот;
4. отстапувања во напонот на електричната мрежа, удар на гром и пропратни појави, виша сила, елементарни непогоди, злонамерни постапки на трети лица;
5. редовната употреба на производот, физичко трошење и абење на делови кои по својите својства се трошат со употреба;
6. промени во однос на оригинално вградените делови и карактеристики на производот;
7. транспортирање до сервисот и назад;
8. чистење, промени, поправки и замена на делови што ги извршил осигуреникот или неовластено лице;
9. користење на софтвер на други приклучни производи, делови или потрошни материјали кои не се во согласност со спецификацијата на производот;
10. комјутерски вируси, програмирање, програмски и софтверски грешки, расипување на пиксели;
11. недостатоци на изгледот на производот, други помали недостатоци кои не влијаат на техничката исправност и фунционирањето на производот;
12. недостатоци кои подлежат на обврска на призводителот да ги повлече од пазарот-повлекување на производи на глобално ниво
13. на недостаток што се повторил на веќе направена поправка за која гаранција дава овластениот сервис.

**Сума на осигурување и вредност на осигурениот предмет**
**Член 10**

(1) Сумата на осигурување е еднаква на новонабавната вредност на осигурениот

предмет -малопродажната цена на производот наведена во фактурата односно фискалната сметка, или на договорен износ.

(2) Вредност на осигураниот предмет, е новонабавната вредност на производот, намалена за износот на амортизацијата (техничка и економска) и за вредноста на спасените делови.

(3) Амортизацијата се пресметува по стапка од 1% месечно за сите производи, сметано од денот на купување на производот, освен за производите како телевизори, компјутери, мобилни телефони и други електронски производи за комуникација, за кои се пресметува амортизација по стапка од 2%.

**Утврдување на надомест од осигурување**
**Член 11**

(1) Висината на надоместот се утврдува:

1. во случај на поправка на недостаток, осигурувачот е должен да ги надомести трошоците за поправка, според цената на материјалите и работната рака како и транспортните трошоци настанати во врска со осигурениот случај, во време на неговото настанување;

2. доколку поправката на производот технички не е можна или е економски неоправдата (тотална штета), висината на надоместот се утврдува според вредноста на осигурениот предмет во моментот на настанување на осигурениот случај.

(2) Сите трошоци за поправки што настанале поради тоа што при поправката на осигурениот предмет се направени измени, подобрувања, надградби и слично паѓаат на товар на осигуреникот.

(3) Ако оштетениот односно уништениот дел на осигурениот предмет не може да се поправи или набави поради тоа што осигурениот предмет повеќе не се произведува, осигурувачот е во обврска да надомести штета само до висината на вредноста на оштетениот односно уништениот дел на осигурениот предмет, која се утврдува со процена на сразмерно учество на вредноста на оштетениот или уништениот дел на осигурениот предмет во вредноста на целиот осигурен предмет или со споредување со истовидни, односно слични делови на осигурениот предмет.

(4) Висината на надоместокот се утврдува врз основа на фискалните сметки за извршената поправка од овластениот сервис или документ од истиот дека не е можна поправка, гарантниот лист, увид на производот од осигурувачот и по потреба други документи што ќе ги побара осигурувачот.

**Ограничување на обврските на осигурувачот**
**Член 12**

(1) Ако осигуреникот склучил и други осигурувања за предметите осигурени по овие Дополнителни услови, во случај на штета надоместот ќе се исплати по основ на тоа друго осигурување.

(2) По основ на осигурувањето на продолжена гаранција надоместот ќе се исплати само во случај кога покритието по тоа друго осигурување не е доволно и тоа само до износот на непокриениот дел на штетата.

**Примена на Општите услови за осигурување имоти**
**Член 13**

Доколку некоја одредба од овие Дополнителни услови е во спротивност со Општите услови за осигурување на имоти, се применува одредбата од Дополнителните услови.

Дополнителните услови за осигурување продолжена гаранција за производи се донесени од Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК - Скопје, на 58-мата редовна седница одржана на ден 26.06.2018 година, со Одлука број 0202-7946/3 со примена од истиот ден